591.

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 февруари 2018 година

Бр. 08-1384/1 Претседател

20 февруари 2018 на Република Македонија,

Д-р Ѓорѓе Иванов, с.р

## ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

### Член 1

Во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ број 27/2014, 199/2014 и 27/2016) во членот 18 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Министерството за информатичко општество и администрација има право да ги обработува податоците содржани во Регистарот на вработените во јавниот сектор и обврска да врши размена податоци од својата евиденција со податоци од Агенцијата за вработување на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за

здравствено осигурување на Македонија, во насока на вршење контрола и обезбедување на целосни, точни и навремено ажурирани податоци од страна на институциите во јавниот сектор.“

Ставот (3) станува став (4).

**Член 2**

Во членот 42 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, за вработените преку К5 Програмата во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор мобилноста се врши со преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работните места во институција во која се презема, по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за буџетот на институцијата во која вработениот се презема.“

Ставот (3) станува став (4).

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.